**Правилник за Натпреварот „Игра за обучување GOOD GAME”**

**§1. Општи одредби**

1. Правилникот ги регулира условите за спроведување на „Игра за обучување GOOD GAME” (во натамошниот текст: „**Натпревар**”).

2. Организатор на Натпревар е Goodyear Полска д.о.о. со седиште во Варшава (02-255), ул. Краковјакув 46 (во натамошниот текст: „**Организатор**”).

3. Координатор Организатор на Натпреварот е MPL Verbum а.д. со седиште во Познањ (61- 626), ул. Шелонговска 45А, внесена во регистар на претприемачи кои го води Окружен Суд Познањ - Нове Мјасто и Вилда во Познањ, VIII Оддел за економија со бројот на полски Државни Судски Регистар (KRS): 0000372990, со полски број на даночен обврзник (NIP): 7781226405, полски број на економски регистар (Regon) 630922602, капитал на компанија во износот од 244.444,40 ПЛН, внесениот во целост (во натамошниот текст: „**Координатор**“)

4. Натпреварот се спроведува на територија на Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Хрватска, Романија, Бугарска, Србија, Словенија, Босна и Херцеговина - под условите кои се одредени во Правилникот, од ден 05.02.2024 год. до 30.12.2024 год. и може да биде откажан од страна на Организаторот во секој момент без да се наведе причина.

5. Натпреварот „Игра за обучување Good Game” е Натпреварот од областа на наука и техника чија реализација Спонзорот нарачува од Организаторот и кои има за цел:

a. поттикнување на стручно знаење за производот и процесот во рамките на технологија, употреба и продажба на ауто гуми,

b. оценување на знаење на Учесниците во рамките на технологија, употреба и продажба на ауто гуми,

c. наоѓање меѓу Учесниците на лица со најдобро знаење за процесот и производот во рамките на технологија, употреба како и продажба на ауто гуми и доделување на награди на Учесниците кои ги исполнуваат условите одредени во Правилникот.

6. Информации за Натпреварот можете да пратите на адресата на Координатор: info@good- game.biz.

7. Правилникот е достапен бесплатно кај трговски застапници на Организаторот, во седиште на Организаторот и Координаторот и по регистрација во Натпреварот исто така по пријава на интернетска страница на адреса www.good-game.biz.

**§2 Правила на учество во Натпреварот**

1. Учесници на Натпреварот можат да бидат физичка лица, полнолетна (+18), која врз основа на договор за работа или друг законски договор извршуваат службени обврски во рамките на продажба и/или сервис за ауто гуми и која за времетраење на Натпреварот се вработени на субјекти кои водат стопанска дејност, меѓу останато во рамките на продажба, монтажа и сервис на ауто гуми (во натамошниот текст:„**Учесници**”).

2. Во Натпреварот можат да учествуваат неколку Учесници вработени во истиот субјект додека секој од нив учествува во Натпреварот самостојно и на сопствена сметка и собира бодови кои можат да се соберат во Натпреварот во согласност на одредбите **§4**., на сопствена сметка со придржување на одредбите на Правилникот **§4. т. 4.**

3. Учесници кои се вработени кај Организаторот или Спонзорот или се членови на семејства на вработени кај Организаторот или Спонзорот можат да учествуваат во Натпреварот ама немаат право да се појавуваат на ранг листи и да добијат награди.

4. Статус на Учесникот на Натпреварот следува од моментот кога ќе се изврши регистрација во Натпреварот во согласност со **§3**. на Правилникот.

5. Учество во Натпреварот е доброволно. Приклучување во Натпреварот или повлекување од Натпреварот може да се случи во секој момент од негово траење. Изјава за напуштање на учество во Натпреварот треба да се испрати писмено на адресата на Координаторот или преку е-пошта на адреса: info@good-game.biz. Момент на напуштање на Натпреварот е момент на добивање на изјавата за напуштање која е поднесена од страната на Учесникот на горенаведениот начин.

6. Во момент на напуштање на Натпреварот доаѓа до губиток (анулирање) на Бодовите собрани на Индивидуалниот Налог на Учесникот, губиток на статусот на Учесникот и губиток на право на добивање на Награди. Повторна регистрација во Натпреварот не предизвикува добивање назад на Бодови на Учесникот кои тој ги собра на Индивидуалниот Налог, добивање назад Статус во Натпреварот како и не дава право на Награди ако Учесник доби право на нив пред датумот на напуштање на Натпреварот а потоа ги изгуби во врска со напуштање на Натпреварот.

7. Организаторот или Координаторот можат да го исклучат Учесникот од учество во Натпреварот наведувајќи ги причините. Причините кои го оправдуваат исклучување на Учесникот од Натпреварот во итна постапка се:

a. кога Организаторот или Координаторот ќе утврдат дека Учесникот не ги исполнува условите за учество во Натпреварот кои се наведени во **§2**. ст.1. и 2. на Правилникот или го исполнува негативниот услов наведен во **§2**. ст. 4. на Правилникот;

b. кога Учесникот извршува постапки кои не се во согласност на законот или Правилникот.

8. Исклучување наведено во став 8. горе стапува на сила од моментот кога Организаторот ќе му испрати на Учесникот изјава за исклучување на Учесникот од Натпреварот. Организаторот ја прати горенаведената изјава во електронска форма преку Индивидуалниот Налог на Учесникот. Со момент на исклучување на Учесникот од Натпреварот, бодови собрани на Индивидуалниот Налог на Учесникот се анулираат и Учесник губи право на статус и Награди во Натпреварот.

9. Сите примедби, прашања, приговори или рекламации поврзани со функционирање на Натпреварот или учество во него, Учесници треба да праќаат во писмена форма на адреса: info@good-game.biz.

**§3. Регистрација за Натпреварот**

1. Регистрација за Натпреварот се извршува преку правилно логирање на интернетска страница достапна на адреса www.good-game.biz која овозможува користење на Индивидуалниот Налог на Учесникот во Натпреварот (во натамошниот текст „**Индивидуален Налог**“).

2. Учесник има обврска да еднократно потврди (со „кликнување“ во соодветно поле, за време на прво логирање) да го прочита и го прифаќа Правилникот. Давање на согласност е услов на учество во Натпреварот.

3. Учесникот може додатно да ги потврди клаузулите (за потврдување со „кликнување“ во соодветно поле за време на прво логирање) со согласност на обработка на лични податоци на Учесникот во согласност со законот во цел на:

-маркетиншка комуникација која не е поврзана со Натпреварот, односно праќање информации кои се однесуваат на производите и промотивни акции на Спонзорот преку СМС пораки на телефонски број наведен во формулар за регистрација (согласност не е услов за учество во Натпреварот); согласноста може да се повлече во секое време со испраќање е-пошта на следната е-пошта: info@good-game.biz, но повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката што е извршена врз основа на согласност пред нејзиното повлекување);

- маркетиншка комуникација која не е поврзана со Натпреварот, односно праќање информации кои се однесуваат на производите и промотивни акции на Спонзорот во облик на њуслетер и мајл преку адреса на е-пошта наведена во формулар за регистрација (согласност не е услов за учество во Натпреварот); согласноста може да се повлече во секое време со испраќање е-пошта на следната е-пошта: info@good-game.biz, но повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката што е извршена врз основа на согласност пред нејзиното повлекување);

- употреба во цел на директен маркетинг сите телекомуникациски крајни уреди на Учесникот (нпр. компјутер, таблет, телефон) од страната на Спонзорот и неговите трговски партнери (согласност не е услов за учество во Натпреварот). согласноста може да се повлече во секое време со испраќање е-пошта на следната е-пошта: info@good-game.biz, но повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста

на обработката што е извршена врз основа на согласност пред нејзиното повлекување);

4. Учесник има обврска да ја чува лозинката во тајна и да не ја дели и да ја обезбеди од пристап на други лица. Во случај кога ќе ги подели податоците за пристап за свој налог во Натпреварот со други лица, прави го тоа на сопствена одговорност. Организаторот ни Координаторот не сносат одговорност ако Учесникот на Натпреварот ќе ги подели податоците за пристап за свој налог со други лица.

5. Во цел на правилна реализација на Натпреварот Учесник има право и обврска да ги ажурира  податоците наведени во Формуларот за Регистрација.

6. Комуникација између Организаторот и Учесникот може да се одвива преку мобилна апликација „GOOD GAME" која е достапна за бесплатно преземање во продавниците AppStore и Google Play (во натамошниот текст: „Мобилна Апликација") доколку Учесник ќе ја инсталира Мобилната Апликација на свој мобилен уред. Инсталирање на Мобилна Апликација е доброволно и не е услов за учество во Натпреварот.

7. За стартување и правилна работа на Апликацијата потребно е активирање на следните  функции на Уредот: активна интернетска врска или активна безжична врска.

8. Трошкови на трансмисија на податоците која е потребна за преземање, инсталирање и користење на Мобилна Апликација на своја рака сноси Учесник кој е корисник на Мобилна Апликација на основа на договори склопени со телекомуникациски оператори или други доставувачи на интернетски услуги. Учесник кој е корисник на Мобилна Апликација сноси одговорност за било која наплата за употреба на трансмисија на податоците потребна за користење на Мобилна Апликација.

**§4. Учество во Натпреварот, доделување на Бодови, Конкуренција помеѓу Учесниците.**

1. Учесник кој го почна Натпреварот учествува во Натпреварот во согласност на правилна одредени во **§4**. долу.

2. Натпреварот трае од 05.02.2024. год. до 30.12.2024. год. и се състои от 1 игри, по време на които Учесник постигнува знаење за производот и процесот поврзано со производите на Спонзорот и презема акции за кои се добиваат бодови во Натпреварот и ги добива бодовите, Статусите и натпреварува за награди со другите Учесници. Секоја од Игрите опфаќа период од 5 кругови. За стартот на секоја од Игрите Учесник може да се информира по пријавувањето со помош на податоците за пристап на свој налог на www.good-game.biz или во мобилна апликација на Натпреварот;

3. За времетраење на Игра, по пријавувањето со помош на податоци за пристап во свој налог  на интернетска страница на Натпреварот или во Мобилна

Апликација на Натпреварот, Учесник може во секоја недела да ги прочита подвотвените статии за технологија, употреба и продажба на ауто гуми како и може да превземе активности за бодови во Натпреварот.
Во секоја недела (Круг) за време на Игра добива:

i. пристап за 3 статии за обука (пилули на знаење) кои се појавуваат секој  понеделник, вторник и среда за времетраење на Играта благодарејќи на кои Учесник постигнува знаење за производот и процесот поврзано со технологија, употреба и продажба на ауто гуми;

ii. од понеделник од 8:00 часот до четврток до 01:00 часот можност на превземање  на активност за која се добиваат бодови во форма на одговарање на 3 Прашања (прашањата се појавуваат редовно во секој понеделник, вторник и среда);

iii. Од четврток од 8:00 часот до петок до 23:59 часот има можност за преземање бодувана акција во форма на учество во Дуелот на знаењето.

Дуел на знаење е игра којашто се одвива помеѓу двајца Учесници избрани од страна на Организаторот. Во случаи кога бројот на учесници е непарен, Учесникот кој ќе остане без пар ќе го одигра својот Дуел со Координаторот. Учесниците се натпреваруваат меѓу себе во парови за да го добијат најдобриот можен резултат. Дуелот на знаење се одвива во согласност со следните правила:

i. Дуелот се состои од 3 Рунди.
ii. Во секоја рунда има по 3 прашања.
iii. Учесникот има една минута да одговори на секое прашање во Кругот.
iv. По завршувањето на рундата, Учесникот може да го прекине Дуелот на знаење и да пристапи кон следен Круг подоцна, или може да продолжи да игра понатаму пристапувајќи кон следен Круг.
v. По завршувањето на дадениот Круг, на Учесникот ќе му биде прикажана информација за резултатите што ги постигнал неговиот противник од парот.

Секој Учесник може да се приклучи на Дуелот во секој момент од времетраењето на истиот. Учесниците играат независно еден од друг.

4. За времетраење на Игра Организатор може да му овозможи на Учесникот:

а. превземање на активност за која се добиваат бодови во форма на тест Појас за  Спасување;

b. . Преземање на бодовната акција постигната со учество во дополнителна акција наречена „Режим Survival“ (ќе биде лансирана во 3-та и 5-та седмица (Опкружување) од Играта, со напомена дека во 5-та недела (Опкружување) од натпреварот, ќе може да учествуваат само Учесниците кои дотогаш имаат постигнато вкупно 150 поени во тековната Игра). Режимот Survival се спроведува во согласност со следниве правила:

i. Режим Survival е составен од 30 прашања.
ii. Режим Survival е вклучен во дадената недела.( понеделник петок)
iii. Учесникот има 1 минута за одговарање на прашањето.
iv. Учесникот одговара на прашањата сè до моментот додека не даде погрешен одговор.
v. Давањето неточен одговор го затвора неговото учество во Режимот Survival и можноста за добивање дополнителни поени во него.
vi. За време на Играта, Учесникот има можност да ја сопре играта двапати со кликнување на копчето за стоп и да ја обнови истата во кој било момент избран од негова страна.
vii. Учесникот има поголем број шанси да пристапи во Режимот Survival во зависност од тоа каков статус поседува во моментот:
    - статус НЕДЕЛЕН ТРКАЧ И ГОЛТАЧ НА КИЛОМЕТРИ – две шанси за влез во Режимот Survival во неделата.
    - статус ВЕТЕРАН НА ВОЛАН – три шанси за влез во Режимот Survival во неделата.
    - статус РЕЛИ ВОЗАЧИ – четири шанси за влез во Режимот Survival во неделата.

5. Доколку Учесник превзема или не превзема активности за кои се добиваат бодови наведени во т. 3. и 4. горе, добија Бодови. Бодови кои ги доби Учесникот во една Игра се додаваат во налогот на Учесникот во Натпреварот.

6. Бодови кои ги доби Учесникот во една Игра можат да имаат додатна или негативна вредност. Додатни бодови го зголемуваат износот на бодови кои Учесникот доби додека негативни го намалуваат.

7. Учесникот дополнително добива Поени за секоја преземена бодовна акција во определеното време, т.е. одговарање на Прашањето, учество во Дуелот на знаење, читање Пилула на знаење, решавање на Кругот за Спасување, учество во Режимот Survival. Учесникот добива негативни поени за секоја бодовна акција

што нема да ја преземе во одреденото време, како што се одговори на Прашањето и учество во Дуелот на знаење.

8. Износ на бодови кои ги доби Учесник за превземање на одредена активност за бодови или не превземање на одредена активност за бодови зависи од моменталниот Статус на Учесникот, кои зависи од моменталниот износ на бодови во налогот на Учесникот и е резултат на проверено знаење за процесот и производот на Учесникот како и негово ангажирање во превземање на активности. Учесници кои имаат:

а. **Статус НЕДЕЛЕН ТРКАЧ** (салдо на поени 27 и помалку) соодветно добиваат:

I. за секој точен одговор на Прашање: + 2 поени
II. за секој неточен одговор на Прашање: + 1 поени.
III. за прашање без одговор: - 1 поени.
IV. за читање Пилула за знаење: + 1 поени.

б. **Статус ГОЛТАЧ НА КИЛОМЕТРИ** (салдо на поени од 28 до 70 поени) соодветно добиваат:

I. за секоја преземена или непреземена бодирана акција, 2 пати повеќе поени од Учесниците со статус НЕДЕЛЕН ТРКАЧ
II. за читање Пилула за знаење: 1 поен.

в. **Статус ВЕТЕРАН НА ВОЛАН** (салдо на поени од 71 до 138 поени) соодветно добиваат:

I. за секоја преземена или непреземена бодирана акција, 3 х пати повеќе поени од Учесниците со статус НЕДЕЛЕН ТРКАЧ.

I. за читање Пилула за знаење: 1 поен.

г. **Статус РЕЛИ ВОЗАЧ** (салдо на поени 139 и повеќе) соодветно добиваат:

I. за секоја преземена или непреземена бодирана акција, 4 х пати повеќе поени од Учесниците со статус НЕДЕЛЕН ТРКАЧ.
II. за читање Пилула за знаење: 1 поен.

Дополнително, без разлика на статусот што го поседуваат, Учесниците ги добиваат следните поени:

**д.** за решавање на Кругот за Спасување – сумата од поени што е резултат на добиените + 3 поени за секој точен одговор и + 1 поен за неточните одговори во Кругот за Спасување. Доколку Кругот за Спасување не биде решен од страна на Учесникот, се добиваат: 0 поени.

**ѓ.** За Дуел на знаење:

I. за секој точен одговор на Прашање: + 3 поени
II. за секој неточен одговор на Прашање: + 1 поен

III. за победа или нерешен резултат во Дуел на Знаење: + 3 поени

IV. доколку не учествува во Дуел на знаење: - 3 поени

b. За учество во Режимот Survival: за секој точен одговор на Прашање: + 1 поен

9. Износ на бодови собрани за време на Играта одлучува за моментален Статус на Учесникот  во Натпреварот додека износот на бодови во налогот на Учесникот по завршување на Играта (последен Круг) одлучува за Статус на Учесникот на крајот на Играта како и за место на ранг-листа кое дава право на соодветни награди.

10. За секој натпревар Координаторот спроведува одделно Бодовно рангирање на Учесниците во Играта (во понатамошниот текст Рангирање на Играта) - вклучувајќи ги учесниците со статус Неделен Тркач, учесниците со статус Голтач на Километри, учесниците со статус Ветеран на волан и со статус Рели Возач.

11. За место на Учесникот на Ранг-листа на Играта одлучува моментален Статус и износ на бодови во налогот на Учесникот. Што повисок износ на бодови, тоа повисока позиција на ранг-листата. Во случај на Учесници кои имаат ист износ на бодовите, за место на Ранг-листата одлучува момент кога е овој износ добиен. Учесник кој побрзо доби соодветен износ на бодови добива повисоко место на ранг-листа.

12. Свое актуелно место на Ранг-листа на Играта Учесник може да провери во секој момент за времетраење на Игра во свој налог на страницата на Натпреварот или во мобилна апликација.

13. По завршување на секоја Игра, Координатор објавува конечен пласман на Ранг-листа на Играта.

14. Бодови добиени од Учесниците на Натпреварот служат единствено за одредување на  статусот на Учесникот и подготвување на Ранг-листа на Учесниците.

15. Бодови не можат да се заменат на награди ни паричен износ и по завршување на секоја  Игра се анулираат.

**§5. Награди**

Сите детали за наградата може да се најдат на веб-страницата на играта во záłkce nażaró

Наградите ќе бидат испорачани за Учесниците во рокот од 45 денови од завршеток на  секоја Игра на адреса на фирма наведена во тек на регистрација.

**§6. Постапка во случај на рекламација која се однесува на тек на Натпреварот**

1. Рекламации кои се однесуваат на тек на Натпреварот, вклучувајќи услуги извршувани по електронски пат можат да бидат пријавувани на адреса на Координатор: info@good-game.biz во рок од 30 денови од ден на случувањето на кое се однесува рекламација, ама не покасно од 30 денови од датум на завршеток на Играта.

2. Рекламација треба да содржува укажување на причината на рекламација и барање на Учесникот.

3. Координатор ќе ги разгледува рекламациите во договор со Организаторот врз основа на Правилникот што не исклучува право на Учесникот за побарувања на општи услови во согласност со законот.

4. Рекламации ќе се разгледуваат во рок од 14 работни денови од ден на нивно доставување  кај Координаторот.

5. Учесник ќе биде обавестен за одлука која се однесува на рекламацијата преку препорачано писмо испорачано на адреса наведена во рекламација во рок од 14 работни денови од денот на доставување на рекламацијата.

**§7. Извршување на услуги по електронски пат**

1. Во рамките на Натпреварот Организатор извршува бесплатно за Учесниците, по правилата о опишани во Правилникот, услуги по електронски пат доколку што е потребно за реализација на Натпреварување.

2. Како услуги извршувани по електронски пат се разбира:

a. публикација на Правилникот на интернетска страница на Натпреварот;

b. основање и делење со Учесници Индивидуални Налози во кои се собираат Бодови;

c. овозможување на пристап за знаење за производот и процесот кое се однесува на технологија, употреба и продажба на ауто гуми како и извршување на активности за кои се добиваат бодови према правила одредени во Правилникот и собирање на Бодови во Натпреварот;

d. овозможување на комуникација помеѓу Координатор и Учесник преку интернетска страница на Натпреварот

e. овозможување на комуникација помеѓу Координатор и Учесник преку Мобилна Апликација.

3. Договор за извршување на услуги по електронски пат се склопува во момент кога Учесник  ќе ја отвори интернетската страница на Натпреварувањето или во момент кога ќе се пријави на Индивидуални Налог или во момент кога ќе ја преземе и инсталира Мобилната апликација на свој мобилен уред.

4. Договор за извршување на услуги по електронски пат може во секој момент да се раскине кога ќе се напушти интернетската страница на Натпреварот а во случај на регистрирани Учесници со бришење на Индивидуален Налог или со деинсталирање на Мобилната Апликација на мобилен уред на Учесникот.

5. Технички услов кој е потребен за користење на услуги извршувани по електронски пат е инсталиран интернетски прегледувач додека за употреба на Мобилната Апликација додатен услов е да Учесник има мобилен уред со оперативен систем Android 6+ или повеќе или iOS 11.2+.

6. Организаторот им забранува на Учесниците да преку интернетската страница на Натпреварот шират содржини кои не се во согласност со законот, посебно навредливите изјави и мислења кои ги погаѓаат другите Учесници, пцовки (дури со знаци наместо букви), расистичките изјави, изјавите кои понижуваат и исмејуваат и сл.

7. Користење на електронски услуги во рамките на Натпреварот може да доведе до типични опасности на страната на Учесникот како корисник на Интернетот. Ризик кој е поврзан со користење на услуги извршувани по електронски пат претставува посебно опасност од инфицирање на информатички систем со софтвер кој има за цел нпр. шпионирање на користење, кражба на важни податоци, невозможност на стартување на системот, непосакувани пораки, бришење на податоци

8. Координаторот и Организаторот употребуваат на своја рака обезбедувања на системот и постојана информатичка помош со што го осигуруваат пратените и примаnите податоци што не го ослободува Учесникот од внимание кога го користи Интернетот.

9. Истакнува се дека фирми Apple и Google, кои се сопственици на продавниците во кои бесплатно ќе биде достапна мобилна апликација, не се никако поврзани со организирање на Натпреварот „Игра за обучување GOOD GAME”.

10. За време на натпреварот, Организаторот или Координаторот може да контактираат со Учесниците со цел да обезбедат информации во врска со организацијата на Конкурсот, што исто така вклучува можност за информирање на Учесниците за идните изданија на Конкурсот, доколку тие ќе бидат спроведени на иднина. Комуникацијата ќе се одвива преку пораки испратени до адресите за е-пошта обезбедени од учесниците.

**§8. Заштита на лични податоци**

Податоци на Учесниците се обработуваат во согласност со Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот Парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на обработката на лични податоци, за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Директива 95/46/ЕЗ („ГДПР“, Општа регулатива за заштита на податоци) и со Политика на приватност достапна на страницата www.good-game.biz.

**§9. Завршеток на Натпреварот и измени во Правилникот**

1. Организаторот може да го заврши Натпреварувањето и да го раскине договорот за извршување на услуги по електронскиот пат осигурувајќи соодветен термин на реализација на права на учесниците на Натпреварувањето кои произлегуваат од Правилникот.

2. За завршеток на Натпреварот Организаторот ќе информира најмалку 2 месеци порано со објавување на информација за планирање на завршување на Натпреварот во Индивидуален Налог на Учесникот.

3. Организатор има право да го измени Правилникот додека за секоја измена на Правилникот Организатор ќе информира на страницата www.good-game.biz најмалку 7 дена порано.

**§10. Завршни одредби**

Надзор над спроведување на акција ќе извршува Комисија која се состои од 3 лица и која ја состави Координатор во договор со Организатор и која е одговорна на правилен тек на Натпреварот во согласност со Правилникот.